# ПРИЛОЗИ

*Сл. Фиданова*

## ЕДЕН ПРОГЛАС НА ВМРО (ОБЕДИНЕТА) ЗА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

ВМРО (обединета) како национална револуционерна организација со левичарска ориентација се појави 1925 година и како таква својата активност ја развиваше сè до крајот на 1935 година.

Организацијата ВМРО (обединета), како продолжувач на старата револуционерна организација на Гоце Делчев, за основа на својата програма ги зеде нејзините идејни поставки за автономија на Македонија и ги разработи во нови меѓународни и внатрешно-политички услови, заменувајќи ја паролата за автономија на Македонија со паролата за независна и самостојна Македонија, во услови на Балканска федерација.

Принципите на ВМРО (обединета) за прв пат беа формулирани во Манифестот[1]) упатен до македонскиот народ, кој беше изработен во мај 1924 год. во Виена, по водените преговори и по постигнатиот договор помеѓу врховистичкото раководство во организацијата на ВМРО — Т. Александров и А. Протуѓеров и левицата во организацијата, за обединување на македонското револуционерно ослободително движење и неговата нова ориентација. Принципите во Манифестот беа изложени во вид на задачи, од кои произлегуваше дека револуционерните сили во движењето ќе се борат: — за ослободување и обединување на разделените делови на Македонија во полна самостојна (независна) политичка единица, во нејзините природни етнографски и географски граници, во смисла на посебна политичка единица на Балканот; — за демократизација на соседните балкански држави и за нивното сојузување во една Балканска федерација, бидејќи единствено таа може да ја гарантира политичката независност на Македонија.

Заради остварување на целта, Манифестот предвидуваше обединување на револуционерните сили на целото македонско население, без оглед на вера и народност, како и воспоставување тесна соработка со

---

[1]) Манифестот се наоѓа во книгата „Мајскиот манифест и Декларацијата на ВМРО (обединета), Скопје, 1948.

революционерните сили на работните маси во другите балкански држави и во Европа. Во таа смисла Манифестот предвидуваше потреба за создавање на македонски револуционерен фронт и апелираше до сите борци од балканските држави, кои се борат за слобода и независност, да го поткрепат создавањето на македонскиот револуционерен фронт, кој ќе послужи како база за еден балкански револуционерен фронт. Во Манифестот беше најавен и Обединителниот конгрес, на кој требаше да се создаде единствен македонски револуционерен фронт, кој, со поткрепа на единствениот балкански револуционерен фронт, во тесна соработка со сите прогресивни револуционерни движења на Балканот и во Европа, ќе извојува слободна и независна Македонија и ќе наложи создавање на Балканска федерација. Манифестот беше потпишан од сите три члена на ЦК на ВМРО — Т. Александров, А. Протуѓеров и П. Чаулев, и објавен во весниците „Балканска Федерација" и „Илинден", — орган на Илинденската организација. Издавањето на Манифестот наиде на силен одглас кај македонските маси во сите три дела на Македонија. Под негово влијание масите покажаа готовност да ја прифатат ориентацијата за соработка и поткрепа на комунистичките партии од соодветните три балкански држави. Манифестот истовремено ги погоди трите влади во трите балкански држави, а посебно великобугарската влада на А. Цанков. Тие веднаш презедоа мерки да го спречат Манифестот уште во неговиот зачеток. Реакционерната влада на А. Цанков ги заплени сите весници кои го објавија Манифестот, а Т. Александров и А. Протуѓеров ги натера да се откажат од своите потписи. На 1 август 1924 година Т. Александров и А. Протуѓеров излегоа со една Декларација, во која изјавија дека тие „не потпишале никаков Манифест и дека објавениот Манифест е мистификација на егзалтирани комунисти". За да се спречи широкото раздвижување на македонските маси по објавувањето на Манифестот, беа преземени мерки да се ликвидираат повидните дејци од македонската левица. Како повод за тоа требаше да се случи убиството на Т. Александров, кое владата го изврши во заговор со неговиот ривал А. Протуѓеров. Под изговор дека убиството на Александров е дело на неговите противници, во септември 1924 год., со помош на бандите на Иван Михајлов, кој го замени убиениот Александров, беа ливкидирани многу македонски револуционери и комунисти, меѓу кои и Димо Х. Димов, Александар Бујнов, Чудомир Кантарџиев, Алексо Василев и др. Подоцна, во декември 1924 год., од истите тие банди беше убиен Петар Чаулев во Милано, а во мај 1925 год. истото беше сторено и со Тодор Паница во Виена.

По овие настани од 1924 год. во организацијата на ВМРО дојде до потполн расцеп. Десната фракција на ВМРО, на чело со Иван Михајлов, се оформи како великобугарска фашистичка организација, која беше наполно во служба на најреакционерните кругови во Бугарија. Со поткрепа на тие кругови, Михајловистичката ВМРО им се наложи на сите легални македонски емигрантски организации во Бугарија, на Илинденската организација, на македонскиот младински сојуз и македонскиот научен институт. Со помош на неа беа вршени сите државни удари, а како надоместок за тоа таа доби широки овластувања и стана

држава во држава, од која пропишти не само македонскиот народ, туку и бугарскиот. Поради новите настани во националното револуционерно движење, предвидениот Обединителен конгрес не можеше да се одржи. Македонската левица, што ја сочинуваа добар дел од чесната македонска емиграција, групирана во Илинденската организација, левото сандашистичко крило, македонската федеративна организација, и покрај прогоните и убиствата, продолжи да дејствува во духот на Манифестот. За кратко време таа констатира дека принципите на Манифестот ги прифатија сите македонски маси во трите дела на Македонија, како и сите групи и организации. Затоа таа во октомври 1925 год. свика Основачка конференција во Виена, на која се обедини македонското национално револуционерно движење и се формира новата револуционерна организација ВМРО (обединета). На конференцијата беше избран ЦК на ВМРО (обединета) и беше донесен устав, изработен врз принципите на Манифестот, кој восушност претставуваше програм на ВМРО (обединета). Освен тоа на конференцијата се донесе и една декларација на ВМРО (обединета).[2])

Центарот на ВМРО (обединета) се наоѓаше во Виена, а подоцна се префрли во Берлин и Париз. Организацијата издаваше свој весник „Балканска Федерација", што подоцна беше заменет со весникот „Македонско Дело". ВМРО (обединета) беше во тесна врска со БКФ и Коминтерната. Комунистичките партии, на трите балкански држави, — Југославија, Бугарија и Грција исто така му помагаа на ВМРО (обединета) да се развие и закрепи, така што таа најде место дури и во нивните програми и резолуции. ВМРО (обединета) не ги оствари надежите на нејзините творци да израсне во силно македонско национално движење потпрено на масите. ВМРО (обединета) дејствуваше како илегална организација, со исклучок на Пиринска Македонија која по 1928 год. стана легална. Со оглед на тоа што нејзината работа се одвиваше под строга полициска контрола, изложена на суровости и жестокости, таа остана и премногу тесна, затворена и неповрзана со масите. Заради тоа не успеа да развие широка организациона мрежа, туку дејствуваше преку поединни активисти или групи. Вакви групи имаше во сите три дела на Македонија. Во Пиринска Македонија во 1928 год. се формира и Обласен комитет на ВМРО (обединета,) а постоеја и околиски комитети.

За да не израсне ВМРО (обединета) во помасовна национална револуционерна организација пречеше и недоволната јасност во нејзината национална програма во однос на македонското национално прашање. Во нејзината програма решавањето на македонското национално прашање се предвидуваше како независна и самостојна Македонија, во смисла на посебна политичка самостојност, во рамките на Балканска федерација. Вака поставено, решавањето на македонското национално прашање немаше реална основа, бидејќи тоа можело да се оствари само по соборувањето на постојните режими и по воспоставување демократски режими во соодветните три балкански држави. Тоа пак претставуваше далека перспектива и зависеше од многубројни фактори. Како

---

[2]) Исто.

таква таа не дејствуваше акционо, мобилизаторски и не допринесуваше за поширока мобилизација на широките народни маси. Подоцна беше направена исправка, така што, покрај максимум паролата за самостојна и независна Македонија, беше истакната како поблиска задача, паролата за право на самоопределување на македонскиот народ, во смисла на признавање на неговата национална индивидуалност во рамките на соодветната држава. Организацијата на ВМРО (обединета), макар што не успеа да фати длабоки корени во масите и да израсне во масовно национално ослободително движење, сепак со своето постоење и дејност постигна одредени резултати. Активноста на Организацијата во времето на десетогодишното постоење имаше претежно пропаганден карактер. Нејзиното раководство — ЦК на ВМРО (об), односно Обласнио комитет на ВМРО (об) во Софија, објави поприличен број пропаганден материјал, како резолуции, апели и прогласи, кои одиграа огромна улога во разобличувањето на империјалистичката политика на соседните буржоазии, методите и средствата што ги применуваа нивните влади спрема македонскиот народ, организацијата на ВМРО (об), полицискиот терор и сл. Посебно во тој однос беа постигањата во разобличувањето на Михајловистичката ВМРО, како агентура на великобугарските влади и буржоазија.

Ценејќи ги борбените традиции на Делчевата ВМРО за македонското национално ослободително движење, посебно илинденските традиции, Обласниот комитет на ВМРО (об) во Софија 1935 год., во времето кога бугарската влада како експонент на великобугарската буржоазија вршеше атак на нараснатата национална свест на македонскиот народ во Пиринска Македонија, по повод на 32-годишнината од Илинденското востание, излезе со повик[3]) упатен до Македонците. Во повикот, кој го даваше во прилог, се укажува на Илинден, како на најсветлиот датум во македонското револуционерно движење, но истовремено се раскринкуваат врховистите како агенти на бугарскиот империјализам, кои го предизвикаа поразот на Илинденското востание. — Во него исто така се укажува и на опасноста од новиот врховизам кој загосподарил во раководството на Илинденската организација и кој настојувал, во интерес на врховистичко-фашистичката политика на бугарските империјалисти, да тргува со македонските жртви за слобода. На крајот од прогласот македонските маси се повикуваат да ги бојкотираат врховистичките собранија. Овој повик, како и другиот објавен пропаганден материјал на Организацијата, беше и најголемиот нејзин успех кој придонесе за доразвивање на самочувството кај македонскиот народ, особено во Пиринска Македонија. Тоа можеше да се констатира на процесот против припадниците на ВМРО (об) во Горна Џумаја, каде, при давањето на генералиите, тие решително изјавуваа дека се Македонци[4]) Бугарската влада, со цел да ја задуши разраснатата национална свест

---

[3]) Првиот е на бугарски јазик и се наоѓа во АИНИМ, к. 122, арх. бр. 5215.

[4]) Изјава на Кирил Николов дадена во својство на адвокат на еден судски процес во Софија, одржан 1946 година; судски материјали во препис, АИНИМ, Сл. IV—106 Инв. бр. 126/67.

кај македонскиот народ во Пиринска Македонија, реши преку убиства и судски процеси да ја ликвидира ВМРО (об). Такви процеси беа одржани во Св. Врач, Бургас, Г. Џумаја и во други места. Слични процеси имаше и во Вардарска Македонија. Од раката на бандите на Михајлов беше убиен и Симеон Кавракиров, секретарот на Областниот комитет во Софија.

Кон крајот на 1935 год. ВМРО (об) ја прекрати својата дејност. Тоа дојде како резултат на новонастанатата ситуација, имено доаѓањето на Хитлер на власт во Германија и одржувањето на VII конгрес на Коминтерната, на кој се донесе одлука да се создаде широк антифашистички фронт за борба против фашизмот и да се прошири дејноста на сите легални организации.

## ПРИЛОГ

### ПОВИК

Македонци!

Големиот празник на македонската револуција — ИЛИНДЕН е пред нас. Пред 32 години (1903 г.) македонските народни маси, водени од саканата Делчева ВМРО, се дигнаа на вооружено востание против султанска и беговска Турција. Целта на Илинденското востание беше политичко ослободување од ропството на султанот и пашите; развластување на чифликсајбиите и предавање на земјата на селаните. Илинденското востание е најпаметната и најсветлата дата во историјата на македонското револуционерно движење. Илинденското востание заврши со пораз, но овој голем подвиг е и си останува најголемо дело во новата македонска историја. Тоа го посочи патот кон македонска слобода и независност.

Браќа Македонци!

Една од причините за поразот на Илинденското востание е фактот дека тоа беше предизвикано предвреме од врховистите — агенти на бугарскиот империјализам, кој имаше за цел надворешно мешање и заробување на Македонија од страна на Бугарија. Истите тие стари грешници, заседнати во раководното тело на Илинденската организација, ги канат бегалците и емигрантите да присуствуваат на од нив организираните, помени и собранија за да ги осквернуваат големите жртви, да тргуваат со македонските души и да ја остварат врховистичко-фашистичката политика на бугарските империјалисти. Раководното тело на Илинденската организација уште еднаш ја потцрта својата врховистичка природа, кога откажа да учествува во народниот македонски комитет за општо празнување на Илинден.

Бојкотирајте ги помените и собранијата, организирани од врховистичкото раководство на Илинденската организација! Сите на противврховистички собранија и демонстрации!

Да живее Илинден!

Да живее слободна и независна Македонија!

Областен к-т на ВМРО (обединета)
во Македонија под бугарска власт.

ДИГНЕТЕ СЕ НА БОРБА
ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ НА ГОРНОЏУМАЈСКИОТ ПРОЦЕС!
ЗА НЕОДЛОЖНО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СИТЕ ЗАТВОРЕНИЦИ!
ДОЛУ ВОЕНО-ПОЛИЦИСКИОТ ТЕРОР!